26335

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674

Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

18. IV. 1980 11938,10.

### Придружни активности на Музејот на современата уметност

# ПРОПАГИРАЊЕ НА ВИСТИНСКАТА УМЕТНОСТ

**● УШТЕ ОД ОСНОВАЊЕТО ОВАА КУЛТУРНА ИНСТИТУЦИЈА НЕГУВА И РАЗНОВИДНА ПРОСВЕТНО-ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ. ПРЕДАВАЊАТА, ТЕМАТСКИТЕ ИЗЛОЖБИ И ФИЛМСКИТЕ ПРОЕКЦИИ ОСНОВНИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Музејот на современата уметност во Скопје во нашите национални културни текови се вклучи пред десетина години. За тоа време Музејот си обезбеди високо место, така што денес оваа културна институција веќе се вбројува меѓу најзначајните современи културни стојности на СР Македонија. Нивото што го има постигнато и реномето што го ужива, Музејот го оствари главно преку квалитетното и навремено презентирање на достигањата на современата македонска, југословенска и светска ликовна уметност. Основен облик пак на сите тие успешни презентации се разновидните изложби.

### Предавања, изложби, филмски проекции

На пошироката јавност, сепак, не и е доволно позната една широка дејност што Музејот на современата уметност, ја почна речиси веднаш по формирањето, односно уште во првата година на своето постоење. Се работи за просветно-педагошката активност на оваа културна институција.

Почетоците на придружните активности на Музејот датираат од 1970 година. На стартот тоа беа предавањата, а подоцна кон нив се приклучија и филмските проекции. Предавањата се однесуваа, поточно обработуваа теми од современата македонска, југословенска и светска уметност. И предавањата и филмските проекции се одржуваа во музејските простории.

По кусо време тие го менуваат местото на одржување — се селат по работни организации и други институции. Од 1973, година Музејот започна уште една активност — приредување ликовни изложби по организациите на здружен труд и во основните училишта. За одбележување е што и предавањата и изложбите беа организирани тематски. На пример, во 1973 година во неколку институции и организации беше одржано предавање на тема „Кичот и уметноста". Истата година во неколку работни колективи беше приредена изложба на дела со тематика од Народноослободителната борба. Оваа практика продолжи, и сè уште се спроведува.

Придружните активности во дејноста на Музејот на современата уметност со секоја измината година се прошируваат. Моментно тие се протегаат на целото скопско подрачје. Што значи, предавањата и особено изложбите што ги организира Музејот, стигнаа и до најоддалечените селски населби. Годинава неколку села ќе обиколи тематската изложба „Современа македонска графика".

Кога сме кај изложбите треба да се каже, дека во повеќе наврати во Музејот се правени обиди подготвените тематски изложби да се пренесат и во некои градови од внатрешноста на Републиката. Досега две такви изложби се организирани во Тетово, а по една во Штип, Битола и Охрид. Меѓутоа, некој поголем успех на тој план не е постигнат. Инаку, во дополнителните, или придружни активности на музејот спаѓаат и неколкуте настапи на истакнати наши музички уметници и реномирани музички колективи, како и поетските вечери.

### Нови зафати

Во Музејот вложуваат напори овој дел од дејноста и понатаму да се збогатува. Веќе во тој правец е направен и конкретен чекор — адаптирана е посебна сала за прикажување филмови. Филмските проекции кусо време се одржуваа (од 1972 до 1974 година), а отворањето на салата ќе биде нова шанса за нив, и се разбира за љубителите на уметничките филмови. За таа цел ќе се направи посебна програма за прикажување на уметнички филмови. Според зборовите на вишиот кустос во Музејот на современата уметност **Драгољуб Богоевиќ**, салата ќе проработи наесен.

Активностите на кои посочивме укажуваат и на еден редок пример на меѓусебно надополнување на уметностите. Убав пример, кој би требало да станува сè почеста практика.

**В. Механџиски**